РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-123
18.04 2022 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 55 ставови 5, 6, и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1210/1 од 25.03.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-1682/10 од 15.04.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 15.04.2022 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, заради извршена повреда на член 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, од 4-ти март 2022 година, емитувана е забавно-документарната емисија „1001 оброк“ која не е означена како програма во која се пласирани прозводи, а пласираните производи од одредени спонзори, пак посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1210/1 од 25.03.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2.МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3.По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4.Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенција) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на

аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗАВМУ пропишува дека во програмите кои содржат пласирање на производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање на производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите (став 5). Програмите кои содржат пласирање на производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување (став 6). Во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор (став 7).

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 24-ти март 2022 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 4-ти март 2022 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗАВМУ.

Прекршувањето е направено во забавно-документарната емисија „1001 оброк", емитувана на 4-ти март 2022 г., која не е означена како програма во која се пласирани производи, иако производите од одредени спонзори се директно вклучени во дејствието/сценариото на емисијата и посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување. Имено, забавно-документарната емисија „1001 оброк" е ТВ програма од областа на кулинарството, па најголемиот дел од производите на спонзорите се непосредно вклучени – пласирани - во дејството/сценариото на емисијата, но емисијата не е соодветно графички означена и како „програма во која се пласирани производи".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1210/1 од 25.03.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 25.03.2022 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-1210/2 од 25.03.2022 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1210/1 од 25.03.2022 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.04.2022 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 ставови 5, 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1210/1 од 25.03.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-1682/10 од 15.04.2022 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.04.2022 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1210/1 од 25.03.2022 г.

**Доставено до:**

- ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Одговорното лице на програмата во ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

25-03-2022
10 1210 1

1. Вид надзор: Редовен;

2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. Период опфатен со надзорот: 4 март 2022 година;

4. Датум на извршување на надзорот: 24 март 2022 година;

5. Предмет на надзорот:

- Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 4 март 2022 година, на државно ниво, констатирани се прекршувања на членот 55 ставови – 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Прекршувањето е направено во забавно-документарната емисија „1001 оброк", која не е означена како програма во која се пласирани производи, иако производите од одредени спонзори се директно вклучени во дејствието/сценариото на емисијата, и - посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување.

| Наслов на емисијата | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| „1001 оброк" – забавно-документарна емисија; | 4 март | 01:47:18 | 02:32:17 |

Забавно-документарната емисија - „1001 оброк" е ТВ-програма од областа на кулинарството, па најголемиот дел од производите на спонзорите се непосредно вклучени – пласирани - во дејството/сценариото на емисијата, но емисијата не е соодветно графички означена и како – „програма во која се пласирани производи", како што е пропишано со точките 25 и 26 од Упатството за пласирање производи:

*25: Со цел да се избегне забуна кај гледачите, програмите кои содржат пласирање производи треба да бидат јасно означени, на почетокот и на крајот на програмата, како и при секое продолжување на програмата (доколку програмата се прекинува со паузи за рекламирање);*

*26: ТВ програмите кои содржат пласирање производи се означуваат со истакнување лого и текст на ТВ екранот, на следниот начин: - логото треба да се истакне на кој било дел од екранот и да биде лесно забележливо за гледачите; - секое појавување на логото мора да е проследено со текст; - секое појавување на логото и на текстот на екранот треба да трае најмалку 10 секунди.*

Емисијата има визуелни и вербални ознаки за – спонзорство, но, во случајов, разликувањето меѓу продукциските и уредувачките обрски, произлезени токму од „спонзорството" и од „пласирањето производи", како и посебните услови за нивната примена како комерцијални практики, опфатени се со точките 32 и 33 во Упатството за пласирање производи:

*32: Пласирањето производи се разликува од спонзорството по тоа што спомнувањето на името на спонзорот или прикажувањето на неговиот заштитен знак секогаш е вградено во сценариото или во сценографијата на програмата. За разлика од тоа, кај спонзорството, идентификувањето на спонзорот мора јасно да биде издвоено од содржината на програмата.*

*33: Програмите кои содржат пласирање производи и кои истовремено се спонзорирани подлежат и на правилата за пласирање производи и на правилата за спонзорство.*

Недозволеното, прекумерно – посебно промотивно препорачување - во Упатството за пласирање производи е пропишано во точките 21, 22, 23, 24 и 25:

*21: Програмите кои содржат пласирање производи не смеат, преку нагласено промовирање или препорачување, директно да ги поттикнуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмуваат производите или услугите. На производите или услугите кои се пласираат во програмите не смее да им се придава претерана важност, преку истакнување или упатување на нив;*

*22: Иако некој производ, марка, име или заштитен знак се прикажани во програмата, сепак нивното изложување или споменување не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се промовира производот, услугата или марката;*

*23: Водителите на програмите во кои се пласираат производи или услуги треба да избегнуваат да зборуваат со пофалби за квалитетот, цената или достапноста на производите или услугите, како и да даваат какви било позитивни оценки и препораки со кои се наведуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмат пласираните производи или услуги;*

*24: Оценката за тоа дали во програмата има директно поттикнување или прекумерно истакнување на некој производ или услуга, се утврдува во секој одделен случај, врз основа на кој било од следниве критериуми: - карактеристиките на пласирањето, на пример: просторот што е издвоен на екранот или во студиото; - траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето; - целисходноста и оправданоста на споменувањето или прикажувањето од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма;*

*25: јазикот што се користи при споменувањето односно визуелните средства при прикажувањето.*

Наведените одредби од подзаконскиот акт, во евидентираното издание на емисијата „1001 оброк“ од 4 март 2022 година, се прекршени на следниов начин:

Воведот, почетокот на емисијата, во времетраење од 01:48:02 до 01:51:08, односно, цели – 3 минути, е отстапен за – претставување на спонзорите, споменати како – „*пријатели на емисијата*".

Визуелната постапка за посебно промотивно препорачување на призводите од спонзорите е изведена:

– со измена на среднокрупни и на многу крупни / детални планови на снимање на производи или на трговски марки од спонзорите:

  - *„Жито центар - Тонус леб";*
  - *„Еурозачин";*
  - *„Јока – млечни производи";*
  - *„Извор - зачини";*
  - *„Сиело фарма – додатоци во исхраната";*
  - *„Фајн-дизајн – мебел и покуќнина";*
  - *„Health palace – додатоци во исхраната";*
  - *„Меркур – Македонија – мебел и покуќнина".*

– целината на емисијата е доминантно снимена низ средно крупни планови, а деталните / многу крупните планови на снимање се применуваат било при прикажувањето непосредна употреба на одреден производ било при негово споменување во прилог на промотивно препорачување на спонзорот;

– доминантната употреба на средно крупни планови на снимање овозможува постојано прикажување на препознатливите трговски марки на одредени производи од спонзорите на емисијата, затоа што тие производи се фронтално поставен дел од сценографијата – работната маса и полиците од импровизираната кујна;

– графички изложениот попис на производи/состојки потребни за подготовка на рецептот, понекогаш директно посочува и на спонзорот (на пример): „*Калиумова сол од Извор*"; „*Павлака Јока*", „*Ghee од Јока*"; „*Тонус леб*".

Вербално, промотивното препорачување е направено:

– со употреба компаративни / суперлативни тврдења за нутритивна корист од производот (цитати):

  *- „Нашиот пријател Жито центар, со својот Тонус леб, еден и единствен, како што секогаш зборувам, лебот на сегашноста, на минатото, лебот на иднината, нешто што влезе во сите домови, низ целата наша држава, и со право, затоа што дефинитивно е еден од најквалитетните лебови во светски рамки.";*

  *- „Нашиот пријател Јока од Струмица, со своите млечни производи (кои ги гледаме овде), и со својот фаворит, се разбира - Ghee путерот,*

*коjшто, еве неколку месеци нè дружи и ние го дружиме него, со право затоа што е нешто што е исклучително здраво, препорачливо од бебе до најстара возраст, затоа што носи многу бенефити за нашето здравје.“;*

- *„Павлака, нормално од незаменливата Јока, овојпат ја земав 18 постотна, односно 18 посто млечна маст, една од највкусните на македонскиот пазар.“*

При одјавувањето на емисијата, во засебна промотивна целина се препорачуваат две брендирани маици и трговскиот центар „Меркур Македонија“. Прочитаниот промотивен текст гласи (цитат):

– *„И пред да ве поздравиме, едно потсетување: Нашите маици, со уникатен дизајн, можете да ги најдете во салонот на Меркур Македонија. Одберете го ретродизајнот на Југославија или, пак, безвременскиот – Make ajvar not war – само во салонот на Меркур Македонија во Автокоманда.“*

**8. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на <u>членот 55 ставови 5, 6, и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>, на телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, од 4 март 2022 година, емитувана е забавно-документарната емисија „1001 оброк“ која не е означена како програма во која се пласирани прозводи, а пласираните производи од одредени спонзори, пак - посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи – во рок од 30 (триесет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*